НАДА ПРЉА, МАКЕДОНСКА УМЕТНИЦА ВО ЛОНДОН

# ИНТЕЛЕКТУАЛЦИТЕ И ТУРБОФО
# ЈА ТРПАТ МЕЃУСЕБНАТА Т

**Македонската уметница Нада Прља, која девет години живее и работи во Лондон, во минатата недела во мултимедијалниот центар „Мала станица" го отвори својот провокативен проект „GLOBALWOOD", или глобално село, кој претставува симбиоза на видео, инсталација и аудиоперформанс. Тоа е проект што предизвика различни мислења пред скопските поклоници на уметноста. Доминантна е идејата на Прља да го искаже отворено својот став против турбофолк-феноменологијата, раѓањето на новопечената класа во земјава, задоеноста по материјалистичките доктрини и слепото трчање по Западот. Нејзиниот проект е обид да удри „културна шлаканица" врз нацијата и наедно обид во подигнување на свеста...**

**„Јас не слушам турбофолк, но кога почнав да го истражувам овој проект, навечер често пати ги пуштав тие песни за да можам да навлезам во суштината на проектот. И сфатив дека има нешто во турбофолкот, кога ќе го слушнеш ти заигрува нешто во стомакот. И не се срамам да го кажам тоа"**



■ **Каков е Вашиот поглед однадвор? Верувам поотворен и непристрасен...**

● Веројатно е така, но од друга страна, верувајте ми, тој поглед на мојата земја мене лично многу тешко ми паѓа секогаш кога доаѓам тука, а тоа е еднаш или двапати годишно. И секогаш доживувам нов шок. Преживувам нови моменти кои претходно не сум ги знаела. Постепено од година во година мојата земја ја поплавуваат нови турбофолк-феномени и тоа завладување на материјалистичките доктрини сè повеќе се чувствува, таа непрекината потреба за купување материјални добра... Денес постои една доминантна димензија во светот, а тоа се парите и ние сме станале дел од тоа, а останатите вредности се потиснуваат, сите го губиме човечкото, го губиме духовното. Тоа се работите со кои јас се судирам кога и да и се навраќам на мојата земја во изминативе девет години. Знаете, мојот поглед е многу остар за она што го гледам не само тука туку и таму во Лондон. И во Англија делата што ги изложувам се занимаваат со проблематични културолошки и социјални феномени, актуелни за таа земја. Како уметник, мене лично ми пречи каков било вид на доминацијата, конкретно кај нас, доминацијата на таа турбофолк-култура. Моите дела се еден вид експерименти, размена на идеи, моите дела имаат интенција да отворат нов вид комуникација, но никогаш не сугерираат децидно на нешто или на некој.

■ **Сметате ли дека тоа што имате можност со поладна глава да ги критикувате состојбите во земјава и на Балканот генерално, е меч со две острици, бидејќи од друга страна, пак, истиот тој поглед може да биде и подистанциран? Друго е кога сите жилави состојби секојдневно Ви поминуваат низ организмот.**

● Па, да. Верувам дека е така. Знаете чувствувам дека не би можела да се вратам назад во Македонија и тука да живеам, но истовремено и Англија не ја доживувам како моја земја. Не сум ни таму, ни ваму и тоа е многу тешко функционирање во некој меѓусвет. И кога давам критички осврти за одредени случувања во Англија, тогаш некако ми е полесно да ги произнесам преку моите дела, но кога тоа го правам за сопствената земја, тогаш ме боли.

■ **Човекот денес е маѓепсан од материјализмот, алчноста и престижот, кои раѓаат суровост, плиткост и егоизам. Меѓу другото, во Вашиот проект го критикувате и слепото трчање по Западот, а досега од таму ги усвоивме само оние најлесно усвоивите елементи: дрогата, промискуитетот, грабањето..., наместо законскиот систем, нормите, почитувањето на правилата.... Зошто е тоа така?**

● Затоа што сме нација која постојано е привлекувана од феноменот на непочитување на правилата и нормите. Секој од нас кога се наоѓа во земја со строго зацртани правила ги почитува без отстапка, а кога повторно ќе се вратиме во нашата матична земја повеќе не нè интересира почитувањето на правилата. Сосема е апсурдно! Навистина е бизарен тој феномен и јас едноставно не можам да сфатам зошто е тоа така.

■ **Вашиот мултимедијален проект „GLOBALWOOD" е симбиоза на инсталации, видео, акустични перформанси и наедно пандан или синоним за одредени симболи и знаци, кои се потенцирани во животот денес и кои будат различни асоцијации. Вашите дела претендираат да бидат коректура на реалниот свет во кој живее Македонија, „културна шлаканица" врз нацијата. Успеавте ли во тоа?**

● Реакциите беа доста поделени. Имаше прилично позитивни, но и прилично негативни реакции.

■ **Па добро, поделеноста на мислења секогаш раѓа свежи и продуктивни идеи...**

● Апсолутно! Знаете тоа не се реакции наменети до мене лично, туку до моите дела, а јас сум само производ на општеството на еден систем, медиум преку кој канализираат одредени коректури, идеи, размислувања. Мене лично ме погоди тоа што видов дека сè повеќе луѓе од публиката ме доживуваат како уметница од странство, а не како домашна уметница. Во Лондон никого не го интересира колку долго живеам таму, тие секогаш на кој било проект ме најавуваат како уметница од Македонија. Јас сум видена надвор од Македонија повеќе како македонска уметница, отколку дома. И тоа е многу контрадикторно. Моето постоење како македонска уметница во Македонија чувствувам дека станува дискутабилно. И понекогаш ме загрижува. Да речеме, имате холандски уметник, кој живее во Њујорк, изложува на трето место, во Лондон и тој е поддржан од холандското министерство за култура, додека кај нас такво нешто е невозможно да се случи. Да не бидам сфатена погрешно, не алудирам јас на финансиска поддршка, туку сметам дека треба нашата земја повеќе да лобира за македонските уметници, кои живеат и работат во странство и тие да се видат како Македонци. Но добро, како и да е, она што е најбитно е какви размислувања поттикнуваат моите дела.

■ **Главен акцент на Вашиот проект беше „Турбо-ѕвезда", преку кој го бичувате омасовувањето на турбофолк-**

**КЕРИТЕ**

**ОРТУРА**

**културата и тоа сосема оправдано. Организиравте натпревар на кој требаше да се пријават турбофолк-ѕвезди, кои ќе пеат во живо, а потоа да бидат оценети од комисија (професори и магистри)... Сакавте да ги споите тие два неспоиви света, и, што се случи успеавте ли да покажете дека е возможна таа меѓусебна демистификација?**

● Уште кога го обмислував овој проект, најважно ми беше овие два света конечно да се видат во живо. Ми беше битно претставниците од турбофолкот да ги внесеме во галерија, а пак луѓето од културата да бидат предизвикани јавно да проговараат за овој феномен. А крајната цел на проектот е на победникот јас лично да му направам видеоспот и повторно како експеримент, за да видам дали е возможно спојување на неспоивото. Конкретен одговор од овој проект ми се чини дека нема, сѐ уште е рано, сметам дека треба тој да доживее нови продолженија за да дојдеме до одредени одговори. Потребен е процес за работите да еволуираат.

■ **Сепак, некои го оценија проектот како нецелосен, бидејќи претходно на конференцијата за печат изјавивте дека имало петмина пријавени кандидати, а на отворањето на изложбата имаше само еден, кој немаше со кого да се натпреварува...**

● Имавме пет-шест пријавени, јас лично зборував со нив и речиси сите дојдоа вечерта во „Мала станица“, меѓутоа се поколебаа да настапат откако видоа дека внатре имаше сосема поинаква публика од таа на која тие навикнале да ги гледа. Веројатно се исплашија... Откако заврши настапот на единственото момче што се охрабри да запее, и дискусијата на жири-комисијата, се пријавија и останатите, но веќе беше доцна.

■ **Можеби требаше да ги соочите на неутрален терен. Евидентно беше дека единствениот кандидат немаше ни поим каде доаѓа и со што ќе се соочи и дека ќе биде „бичуван“ од професори и магистри... Беше сам против сите и сметам дека постапи храбро што до крајот остана дојстојно да се носи со своите уверувања и оти тоа е за пофалба.**

● Кутриот... Апсолутно, се согласувам, да, тој беше храбар. Факт е дека целата ситуација беше бизарна и апсурдна. Искрено, многу стравував дека тој тоа многу лично ќе го сфати затоа што остана сам и немаше други истомисленици. И сочувствував со него што беше таму сам, изведен на сцената пред комисијата. Но, од друга страна, погледнете ги и вака работите. Па, нели се кутри и самите интелектуалци кои секојдневно се бомбардирани со турбофолк-култура, а тие се малцинство во овој случај. Не би сакала никој да биде камшикуван, но и другата страна е камшикувана секојдневно.



Комисијата во состав: професор Небојша Виљиќ, магистер Роберт Алаѓозовски и кураторката на изложбата Ана Франговска јавно му „судеше“ на кандидатот



Единствениот кандидат кој имаше храброст да настапи во „Мала станица“ и да испее неколку турбофолк-песни пред публика несвојствена за неговите настапи

■ **Имаше реакции во публиката дека дури и комисијата почна да искажува симпатии кон ликот и делото на турбофолкерите, што беше збунувачи. Како да се загубија во поентата, веројатно немајќи доволно храброст да се соочат и директно да ја искажат „очи во очи“ нивната поента.**

● На членовите од комисијата им дадов одврзани раце да го интерпретираат своето мислење за настапот на момчето во зависност од тоа како тие се чувствуваа. Нивната улога беше тешка и поради тоа можеби не се снајдоа баш најдобро. Нивните искази беа слика на различни карактери.

■ **Знаете, многу е лесно да се силиш на поединец кога си во своето трло, со твојата „банда“ луѓе. Но, таквата игра не е рамноправна, па дури е и лицемерна. Зошто сега комисијата не отиде на „ферка“ меѓу 500 турбофолкери, па таму јавно да ги искаже своите ставови, па да видиме што ќе се случи?!**

● Да, можеби ќе беше побалансиран проектот доколку имавме повеќе кандидати и тие со себе да донесоа повеќе луѓе од нивниот свет. Но, за тоа кратко време што го имавме на располагање, ние дадовме сѐ од себе да го организираме проектот колку што е можно подобро. Оваа изложба не ја чувствувам како завршна точка на овој проект, кој го истражувам, и мислам дека тој допрва ќе се развива. Се согласувам со Вас дека интелектуалците треба да се најдат во нивниот свет, и да видиме како тие би се снашле таму.

■ **И покрај литературата која ги окупира Вашите сетила, креативните кругови во кои дејствувате како уметница, Вашата филозофија на живот, сепак зар не Ви се случило животот да го пронајдете во одредени цитати на некоја турбофолк-песна и да сфатите дека во суштина, колку и да се занесуваме во духовното, животните проблеми се сведуваат на таа приземна линија.**

● Да, да... Турбофолкот е чуден феномен. Содржи нешто во себе штом успева да привлече толкав број луѓе и така лесно да манипулира со нив. Навистина, тоа е мистерија на кој начин успева да маѓепса толку широка популација. Нешто што уметноста не може или ѝ требаат многу години. Јас не слушам турбофолк, но кога почнав да го истражувам овој проект, од Македонија ги терав моите пријатели да ми испраќаат колку што можат повеќе турбофолк-песни. И навечер често пати ги пуштав тие дискови за да можам да навлезам во суштината на проектот. И сфатив дека има нешто во турбофолкот, кога ќе го слушнеш ти заигрува нешто во стомакот. И не се срамам да го кажам тоа!

■ **Во публиката имаше доста контроверзни реакции дека е неумесно вака да се покорува турбофолк-културата, со ваква доза на интелектуална иронија и лицемерство. Не сметате ли дека феноменот на турбофолк-културата треба да се набљудува од поширок агол, а не врз грбот на едно заталкано момче?**

● Во секој случај. Уште еднаш ќе кажам дека ќе беше многу поуспешен проектот доколку се пријавеа повеќе кандидати и со нив верувам дека во пакет ќе дојдеа повеќе луѓе кои се нивна публика. Од друга страна гледано, кога гледаме емисии „Поп-идол“, кои се сега хит низ цела Европа, може да видиме дека кандидатите се под будното око на комисијата, како на испитувачка клупа. Така што верувам дека тоа не му ни пречеше на момчето, бидејќи тој сега се најде во сите медиуми и со тоа може и популарноста да му се зголеми. Скапа е цената на славата, за сите.

**Ивана Тасев**


